Дневни билтени

2015

- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016

2017

2018

2019

2020

# Извадок на дел од дневни настани 21.06.2020

На 21.06.2020 во 03.50 часот во СВР Битола било пријавено дека во с.Лавци,ресенско настанал пожар во магацин сопственост на А.С.(52), при што биле опожарени трактор, глисер, гајби, залихи на нафта и бензин и други предмети. Пожарот е изгасната од противпожарната единица Ресен. Увид ќе се врши во текот на денот.

На 21.06.2020 во 03.40 часот било пријавено дека на ул.“Ѓорче Петров“  излегува чад од пекара сопственост на Б.М. (62), а претходно се слушнало детонација. По пристигнување на полициските службеници на местото на настанот забележано е дека влезната врата е целосно извадена од лежиштето и причинета е материјална штета, па постои основано сомнение дека се работи за подметната експлозивна направа. Повредени нема. Се работи на расчистување на случајот.

На 20.06.2020 околу 18,20 часот пред наплатната „Градско“ на автопатот Градско-Велес патничко моторно возило„Фиат Пунто“ со велешки регистарски ознаки управувано од С.И.(70) од Велес изгубило контрола излетало од коловозот и се превртело. По незгодата соптникот во возилото Ѓ.М.(70) со возило на итна медицинска помош бил пренесен во Комплекс клиники„Мајка Тереза“ каде од доктор биле констатирани тешки телесни повреди но од здобиените повреди истиот починал. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Велес.

На 20.06.2020 во 09,15 часот на крстосница помеѓу бул.„Македонски Просветители“ и бул.„Туристичка“ во Охрид патничко моторно возило“тојота корола“ со струшки регистарски ознаки управувано од Љ.Ж.(50) од Струга удрило во велосипедист К.Н.(39) од Охрид. По незгодата К.Н. бил пренесен во болницата „Св.Еразмо“-Охрид каде од доктор му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа на СВР Охрид.

На 20.06.2020 околу 17.15 часот на регионален пат Маврови Анови - с.Маврово патничко моторно возило“фиат браво“ со гостиварски регистарски ознаки управувано од О.Д.(25) од с.Маврово удрило во велосипедист Ѓ.Н.(42) од Скопје. По незгодата, со возило на итна медицинска помош велосипедистот бил пренесен во Комплекс клиники„Мајка Тереза“ каде од доктор биле констатирани повреди. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од Полициска станица Гостивар.

На 20.06.2020 во 20,00 часот на регионален пат Охрид-Струга кај место викано „Оровничка плажа“ во Охрид се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило„фиат“ со скопски регистарски ознаки управувано од Д.С.(40) од Скопје и мотоцикл „хонда“ со струшки регистарски ознаки управуван од Б.М.(39) од с.Мислешево,струшко. По незгодата од доктор на Б.М му биле констатирани тешки телесни повреди и му била укажана лекарска помош. За настанот е запознаен јавен обвинител, а увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР Охрид.

На 21.06.2020 во 03.32 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.“Рајко Жинзифов“ настанал пожар на патничко моторно возило “ауди А4“ со скопски регистарски ознаки сопственост на Д.Г.(29) од с.Мршевци при што опожарен бил предниот дел на возилото. Пожарот е изгаснат од противпожарната единица Скопје. Увид ќе се врши во текот на денот.

На 21.06.2020 во 01.02 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.“Алпи“ во Скопје околу 00.15 часот две непознати лица полиле запалива течност врз паркирано патничко моторно возило“сузуки“ со скопски регистарски ознаки, кое потоа го запалиле, при што возилото било опожарено во делот на десно крило, десно предно тркало и еден дел под хаубата, додека друго паркирано патничко моторно возило „опел корса“ со скопски регистарски ознаки било само полиено со запалива течност но не било запалено. Девте возила се сопственост на С.М.(62) од Скопје. Пожарот е изгаснат од сопственикот. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

На 20.06.2020 околу 15,00 часот во Полициска станица Струга било пријавено дека на ул.„П. бригади“ во Струга полициски службеник при вршење работа од безбедноста сопрел патничко моторно возило “Форд“ со струшки регистарски ознаки управувано од К.И.(49) од с.Октиси, струшко, поради сторен сообраќаен прекршок. При обид за легитимирање на возачот, истиот одбил, го стартувал возилото и со возилото го удрил полицискиот службеник по што го напуштил местото на настанот. Полицискиот службеник е пренесен во Медицински центар Струга за укажување на лекарска помош. За настанот е известен јавен обвинител, увид на местото на настанот извршила екипа од  Полициска станица Струга и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.06.2020 околу 23.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.“Боца Иванова“ во Скопје полициски службеници од СВР Скопје се обиделе да запрат патничко моторно возило “Шкода“, но возилото не застанало на даден знак и го напуштило местото на настанот. По ова на ул. “Македонско-Косовска Бригада 10“ истото возило удрило во бетонски столб и од возилото излегле две лица кои го напуштиле местото на настанот. Од полициски службеници на местото на настанот биле пронајдени, пиштол “берета“ 7.65мм, светла за сигнализација (флешери), одјавени скопски регистарски ознаки и туба за точење на бензин. Возилото е подигнато од местотот на настанот за понатамошна постапка. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје, и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.06.2020 во 11,00 часот во Полициско одделение Сарај, А.Н.(35) од с.Радуша,скопско пријавил дека во дворот од куќа во негова сопственост на ул.„1“ во с.Радуша, при изведување на градежни работи пронашол експлозивна направа. Полициски службеници од Полициско одделение Сарај и пиротехничар излегле на местото на настанот и констатирале дека станува збор за минофрлачка граната Ф60 мм, произведена 1981 година. Истата безбедно е подигната од местото на настанот.

На 20.06.2020 во 15.20 часот во СВР Скопје, И.А.(51) од Скопје пријавила дека во парк на ул. “Христо Татарчев“ била касната од куче скитник.

На 20.06.2020 во 20,30 часот во СВР Скопје, А.К.(44) од Скопје пријавил дека  во парк на ул. “Христо Татарчев“ неговиот 14 годишен син бил каснат од куче скитник.

На 20.06.2020 во 10.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Градската општа болница “Св.Наум Охридски“ бил донесен А.С.(53) од Скопје, вработен во ЈП “Комунална Хигиена“ –Скопје, по чие кажување, се повредил на бул.“Видое Смилевски Бато“ при истоварање на контејнер. Од страна на доктор му била констатирана тешка телесна повреда. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје. За настанот е известен инспектор од државен трудов инспекторат.

На 21.06.2020 во 00,05  часот на ул. “Анѓа Ранковиќ“ во Куманово полициски службеници од СВР Куманово ги лишиле од слобода С.И.(23) и Н.И.(53) двајцата од Куманово бидејќи при постапување по претходна пријава за гласна музика истите физички нападнале полициски службеници. По целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 20.06.2020 во 18.15 часот во СВР Битола, Д.К.(72) од с.Цапари  пријавила дека во с.Цапари по претходна расправија и нарушени меѓусебни односи била физички нападната од Д.Д. од с.Цапари при што и нанела тешка телесна повреда. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.06.2020 во 16,05 часот во Полициска станица Штип, Т.С.(55) од Штип пријавил дека неговата снаа И.Ч.(20) од Штип се оддалечила од домот земајќи го со себе и нивното малолетно дете. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицата.

На 21.06.2020 во 00.55 часот на ул. “Раде Кратовче“ во Кочани полициски службеници од Полициска станица Кочани го лишиле од слобода Ј.Ј.(51) од Кочани  бидејќи при преземање на службени дејствија поради нарушен јавен ред и мир истиот со метална цевка им упатувал закани по животот. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 20.06.2020 во 15,14 часот во Полициска станица Гевгелија, П.П.(65) од Богданци пријавил дека настанал пожар на место викано “Турчино“, при што од полициски службеници било излезено на местото на настанот и констатирано е дека бил опожарен објект-магацин за складирање на земјоделски алат и помагала. Пожарот е изгаснат од противпожарната единица од Гевгелија. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициска станица Гевгелија.

На 21.06.2020 околу 06,45 часот во СВР Велес, С.Т. од с.Војница пријавил дека во трло во негова сопственост на место викано,,Клетовник’’ во атар на с.Војница го пронашол без знаци на живот Љ.П.(64) од с. Забрчани, Општина Долнени, кој работел кај него како овчар. Од доктор од итна медицинска помош била констатирана смрт без траги од насилство. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР Велес. По наредба на јавен обвинител телото на починатиот е предадено за обдукција во Институтот за судска медицина-Скопје.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет